**НАБЉУДУВАЧКА МИСИЈА НА ИЗБОРИТЕ**
**поранешна југословенска Република Македонија –**
**Локални избори, втор круг, 7 април 2013**

**Извештај со првични наоди и заклучоци**

**Скопје, 8 април 2013** – По приемот на поканата од страна на Министерството за надворешни работи и по препорака на Мисијата за проценка на потребите спроведена од 28 до 31 јануари, Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОБСЕ/ОДИХР) воспостави Набљудувачка мисија на изборите (НМИ) за локалните избори 2013. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР во намален капацитет остана во земјата за да го набљудува вториот круг на 7 април. Намалената по обем НМИ на ОБСЕ/ОДИХР не спроведе сеопфатно и систематско набљудување на процедурите на изборниот ден, туку посети одреден број на гласачки места низ земјата.

Вториот круг од локалните избори се оценува според тоа колку е во согласност со заложбите на ОБСЕ и меѓународните стандарди за демократски избори, како и со домашното законодавство. Овој извештај треба да се земе предвид заедно со Извештајот за првичните наоди и заклучоци објавен на 25 март, по првиот круг од изборите, од страна на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР и Конгресот на локални и регионални власти на Европа.[1] Целосната оценка на изборите делумно ќе зависи од постапувањето во останатите фази од изборниот процес, вклучувајќи го сумирањето и објавувањето на резултатите и постапувањето по евентуалните приговори и жалби по денот на изборите. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР ќе објави сеопфатен конечен извештај, вклучувајќи ги препораките за евентуални подобрувања, осум недели по завршувањето на изборниот процес.

## ПРВИЧНИ ЗАКЛУЧОЦИ

Како и првиот круг од гласањето, во вториот круг локалните избори беа ефикасно спроведени и изразено конкурентни. Меѓутоа, продолжувањето на пристрасното и партиско медиумско покривање и мешањето на владините и партиските активности го потврди недостигот од рамноправен терен за натпревар меѓу кандидатите. Неопходно е да се направат понатамошни напори кои ќе се осврнат на недостатоците и недореченостите во Изборниот законик и да се зголеми довербата во Избирачкиот список. Во целост, изборниот ден беше мирен и регуларен.

Помеѓу двата круга, Државната изборна комисија (ДИК) продолжи редовно да се состанува и ги испочитува изборните рокови. Иако ДИК работеше транспарентно и во голема мера ефикасно, колегијалноста брзо се наруши за

[1] Види го Извештајот за првичните наоди и заклучоци за првиот круг на 24 март, локални избори 2013, достапен на: http://www.osce.org/odihr/elections/100311.

време на разгледувањето на приговорите поради тоа што одлуките беа првенствено засновани на партиска припадност отколку на законот.

На законската рамка за вториот круг и недостигаат детали за клучни прашања, и тоа: запишување на гласачи во избирачкиот список, водење на изборна кампања, финансирање на кампањата и медиумско покривање. Иако властите превзедоа некои чекори за да се исправат недостатоците во процедурите забележани во првиот круг од гласањето, останува потребата од понатамошни изборни реформи.

Постојаната загриженост на некои соговорници на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР во однос на точноста на избирачкиот список се зголеми на денот на изборите во првиот круг откако одреден број гласачи не се најдоа на избирачкиот список и покрај тоа што поседуваа биометриски лични документи. ДИК одлучи да не дозволи граѓани со биометриски пасош кои ја имаат наведено Република Албанија како своја адреса да гласаат во вториот круг иако тие беа вклучени во избирачкиот список и им беше дозволено да гласаат во првиот круг.

Во целост, средината за водење кампања беше конкурентна и кандидатите генерално можеа слободно да ги вршат своите активности. Кампањата остана активна и мирна, иако тонот стана понегативен при што некои кандидати ги обвинија своите противници за наводни незаконски активности во првиот круг. Продолжија наводите за заплашување на гласачи и злоупотреба на државните ресурси. Од ова се јави загриженост за можноста на гласачите да гласаат слободно „без страв од одмазда,'' како што е пропишано во параграф 7.7 во Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990. Мешањето на партиските и владините активности е во спротивност со параграф 5.4 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990.

Приватните и јавни електронски медиуми кои беа набљудувани од страна на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР продолжија да бидат пристрасни во полза на владејачките партии. Јавниот радиодифузер одлучи да не обезбеди бесплатно претставување на кандидатите, ниту пак да организираше дебати, со што го ограничи спектарот на информации врз основа на кој гласачите можеа да направат информиран избор. Електронските медиуми во голема мера не успеаја да ги одделат владините од партиските активности при известувањето во вестите.

ДИК и Државната комисија за спречување на корупција не одлучија по повеќе од 500 приговори за предвремено водење кампања и злоупотреба на државни ресурси поднесени пред првиот круг, оневозможувајќи навремен и ефикасен правен лек како што е пропишано во параграф 5.10 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990. Приговорите и жалбите за првиот круг од изборите беа најчесто одбиени на процедурална основа, иако повторување на гласањето беше наредено за четири гласачки места.

Како и во првиот круг, гласањето во најголем број на гласачките места посетени од страна на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР се одвиваше мирно и уредно и процедурите во голема мера беа следени. Постоеја случаи на групно гласање и партиите

продолжија да укажуваат на појавата на граѓани од дијаспората кои се враќаа за да гласаат на денот на изборите.

## ПРВИЧНИ НАОДИ

На 24 март се одржаа избори за градоначалници и советници во 80 општини и во градот Скопје. Градоначалници се бираа според мнозинскиот модел во два изборни круга, додека пак советници според пропорционалниот модел во еден изборен круг. 49 градоначалници беа избрани во првиот круг со пропишаното мнозинство на гласови, а втор изборен круг закажан за 7 април, се одржа во 29 општинни и во градот Скопје каде се натпреваруваа двајцата кандидати со освоени најмногу гласови во првиот круг.[2]

Од 49 градоначалници избрани во првиот круг, 38 ја претставуваат владејачката Внатрешно македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО - ДПМНЕ), 7 ја претставуваат Демократската унија за интеграција (ДУИ) и по 1 го претставува Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), Сојузот на Ромите на Македонија (СРМ) и Демократска партија на Турција во Македонија (ДПТМ); беше избран 1 независен кандидат. Две жени беа избрани за градоначалници во првиот круг и уште две се натпреваруваа во вториот круг. ДИК соопшти дека излезноста на гласачите во првиот круг изнесувала 67%.

Одредбите од Изборниот законик во однос на вториот круг оставаат недоречености во однос на важни аспекти на изборите. Тука спаѓаат почетокот на кампањата, запишувањето на гласачи кои наполниле 18 години помеѓу двата круга, одредбите за финансирањето на кампањата, медиумското покривање и гласањето во своите домови на оние кои не можат да излезат да гласаат.

### Изборна администрација

ДИК ги објави целосните првични резултати од првиот круг гласање на 26 март со пресек на гласовите по општини и гласачки места. Резултатите беа транспарентно објавени на веб страната на ДИК веднаш штом пристигнуваа од ОИК, иако 41 ОИК не ги испочитуваа роковите предвидени во Изборниот законик.[3] На 2 април, по завршувањето на процедурата за приговори, ДИК во законскиот рок ги објави конечните резултати од првиот круг.

Помеѓу двата круга, ДИК продолжи редовно да се состанува и ги испочитува изборните рокови. Иако ДИК работеше транспарентно и во голема мера ефикасно, колегијалноста брзо се наруши за време на разгледувањето на приговорите односно одлуките кои беа засновани првенствено на партиска припадност наместо на законот.

---

[2] Во две општини, Долнени и Струмица, на 7 април беше повторено гласањето за некои гласачки места во првиот круг. Вториот круг од гласањето во Долнени ќе се одржи на 21 април.

[3] Според Изборниот законик ОИК имаат 7 часа рок од затворањето на гласачките места за да ги објават првичните резултати од своите општини, а изборната комисија на град Скопје има 10 часа.

Согласно законот, составот на Општинските изборни комисии (ОИК) и Избирачките одбори (ИО) остана ист и во вториот круг на гласање. Меѓутоа, ОИК и 13 ИО во Чаир беа заменети по нивното распуштање од страна на ДИК поради наводно фалсификување на изборните резултати во првиот круг. Овој случај е под истрага на Јавниот обвинител.

Неколку ОИК одржаа дополнителни обуки за некои ИО за да се осврнат на некои неправилности во постапките забележани од страна на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР во првиот круг од изборите, вклучувајќи го пополнувањето на протоколите за гласање. ДИК обезбеди информации за гласачите преку телевизиски спотови и постери, подготвени и на јазиците на малцинствата.

**Запишување на гласачите во избирачкиот список**

Постојаната загриженост на некои соговорници на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР во однос на точноста на избирачкиот список се зголеми откако одреден број гласачи не се најдоа на избирачкиот список во првиот круг од изборите и покрај тоа што поседуваа биометриски лични документи. ДИК не одлучи по 39 жалби поднесени од страна на граѓани кои тврдеа дека не биле запишани во избирачкиот список. На 2 април, во една долга и конфронтирачка дискусија, ДИК одлучи да не дозволи граѓани со биометриски пасош кои ја имаат наведено Република Албанија како држава во својата адреса да гласаат во вториот круг иако тие беа вклучени во избирачкиот список и им беше дозволено да гласаат во првиот круг.

**Кампања и финансирање на кампањата**

Времето за водење кампања согласно законот официјално заврши на полноќ на 5 април. Нови материјали за кампања, покрај постерите, банерите и билбордите оставени од првиот круг, се појавија во некои општини во текот на седмицата пред вториот круг. Иако најголемиот дел од кандидатите повеќе му се обраќаа на електоратот преку кампањата од врата на врата и редовните прес конференции, многумина, исто така, одржуваа средби со гласачите. Сè на сè, владејачката ВМРО – ДПМНЕ продолжи да биде највидлива во кампањата.

Како и во првиот круг, кампањата се водеше со видлива конкурентност и кандидатите воглавно можеа слободно да ги вршат своите активности, иако се повторуваа случаи на оштетени постери. Иако атмосферата остана мирна, тонот на кампањата стана понегативен во некои општини и се појавија анонимни материјали кои беа критички настроени кон извесни кандидати. Некои кандидати ги обвинија своите противници за наводни незаконски активности во првиот круг. Продолжија наводите за заплашување на гласачи, особено на вработени во јавниот сектор, покренувајќи загриженост околу можноста гласачите да гласаат слободно „без страв од одмазда,'' како што е пропишано во параграф 7.7 во Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990.

Премиерот и министрите енергично водеа кампања во име на своите партиски кандидати, често во текот на работното време. Некои министри промовираа проекти во општините каде што се одржуваше втор круг и ветија продолжена

поддршка од централната власт доколку победи кандидатот на владејачката партија. На 30 март, владата најави голем план за реновирање и изградба на нови училишта низ земјата, вклучувајќи неколку општини каде кандидатите на владејачката партија ги очекуваше втор изборен круг. И во вториот круг се продолжи со обвинувања за злоупотреба на државни ресурси, вклучувајќи поставување на материјали за кампања од страна на кандидатите на владејачката партија на државен имот. Мешањето на владините и партиските активности покрена загриженост за тоа колку е рамноправен теренот за натпревар помеѓу кандидатите и е во спротивност со параграф 5.4 од Копенхашкиот договор на ОБСЕ од 1990.[4]

Сите изборни кандидати се обврзани да поднесат извештај за финансирањето на кампањата. Според информацијата објавена на веб страната на ДИК, 61 од 121 кандидат не успеале да го поднесат вториот предизборен финансиски извештај до определениот рок на 23 март. Не е пропишана казна за неподнесување на предизборни извештаи. Според досега поднесените извештаи, ВМРО – ДПМНЕ е во голема предност низ целата земја и потрошила пет пати повеќе од нејзиниот следен конкурент. Конечниот финансиски извештај за кампањата треба да се поднесе 30 дена по крајот на кампањата, но законот не е јасен, дали ова е по првиот или по вториот круг на гласање. Изборниот законик, исто така, не пропишува јасно дали вкупната дозволена сума на трошоци за кампањата се однесува на двата круга. Освен тоа, бидејќи финансиските извештаи за кампањата не се поделени по општини, не е возможно да се определи дали е испочитувано ограничувањето на трошоците.

## Медиуми

Додека одредбите на Советот за радиодифузија (СРД) пропишуваат медиумите да обезбедат балансирано покривање на кампањата за вториот круг, законската рамка слабо го регулира медиумското покривање на вториот круг од изборите.[5] Јавниот радиодифузер Македонската радио телевизија (МРТ) одлучи да не обезбеди бесплатно претставување на кандидатите, ниту пак да организира дебати, со што го ограничи спектарот на информации врз основа на кој гласачите можат да направат информиран избор.

Како и во првиот круг, мониторингот на медиумите на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР за вториот круг покажа значителна пристрасност кон владејачките партии и однос на квантитет и во однос на тонот на известувањето.[6] Сите набљудувани електронски медиуми, освен *Телма*, понудија опширно покривање на владините активности во општините каде се одржуваше втор круг и не правеа разлика помеѓу владини активности и партиска кампања.

[4] Параграф 5.4 од Копенхашкиот договор на ОБСЕ од 1990 пропишува „јасна поделба помеѓу државата и политичките партии; особено, политичките партии не смеат да се помешаат со државата.''

[5] На пример, не е дефиниран почетокот на кампањата за вториот круг. Иако големите електронски медиуми започнаа да емитуваат политички реклами на 26 март, СРД започна да врши мониторинг на медиумите дури на 27 март.

[6] За вториот круг, ОБСЕ/ОДИХР ги набљудуваше вестите во ударните термини на шест телевизиски канали: МРТ 1, МРТ 2, Алсат-М, Канал 5, Сител и Телма.

Спротивно на законската обврска, јавниот радиодифузер МРТ не понуди врамнотежено известување. *МРТ 1* посвети 21% од вестите на владата и 37% на ВМРО – ДПМНЕ, најмногу со позитивен или неутрален тон, на СДСМ 29% во главно со негативен или неутрален тон. *МРТ 2*, која нуди програма на јазиците на малцинствата известуваше најчесто со неутрален тон 33% за ДУИ и 16% за ДПА.

Приватните канали *Сител* и во помала мера *Канал 5* во вестите беа пристрасни кон владата и беа многу критични кон СДСМ, додека пак *Телма* и *Алсат-М* понудија поврамнотежено покривање. Сител издвои 42% од вестите за ВМРО – ДПМНЕ, 32% за СДСМ и 15% за владата. *Канал 5* им посвети 34% на ВМРО – ДПМНЕ, 23% на СДСМ и 21% на владата. *ТВ Телма* им посвети 28% на ВМРО – ДПМНЕ, 35% на СДСМ. *Алсат-М* фокусот го насочи повеќе на етнички албанските партии и посвети 27% на ДУИ; по 15% на ДПА и СДСМ, и 14% на ВМРО – ДПМНЕ.

Мониторингот на медиумите спроведен од СРД констатираше неизбалансираност во вестите кај најголем дел од електронските медиуми во полза на владејачките партии, меѓутоа СРД одлучи да реагира на овие прекршувања дури по вториот круг.

## Приговори и жалби

ДИК не одлучи по 431 приговор поднесен пред првиот круг од изборите за наводно водење на кампања пред официјалниот датум. Освен тоа, 73 приговори поднесени од СДСМ до Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) за наводна злоупотреба на државни ресурси за време на кампањата на ВМРО – ДПМНЕ сеуште чекаат одговор. Недостигот на јасни процедури за постапување по предизборните приговори не гарантира ефикасен правен лек како што е пропишано со параграф 5.10 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990.[7]

По првиот круг гласање, 8 политички партии и коалиции поднесоа 402[8] приговора до ДИК и со тоа ги доведоа во прашање резултатите од 476 гласачки места. ДИК прифати 6 приговори од поднесените 402. Беа донесени контрадикторни одлуки во однос на исти неправилности. Најголемиот дел од приговорите беа одбиени на процедурална основа бидејќи или не бил приложен никаков доказ или приговорот не бил заведен во записникот од гласањето на ИО или ОИК. Другите беа одбиени бидејќи два приговора не беа поднесени за истото гласачко место, како што се бара во Изборниот законик. ОБСЕ/ОДИХР

[7] Параграф 5.10 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 пропишува дека „секој ќе добие ефективни средства како правен лек против административните одлуки со цел да се гарантира почитта  на основните права и да се обезбеди правниот интегритет.''
[8] СДСМ поднесе 371 приговор, Демократска обнова на Македонија поднесе 35 приговора, ВМРО – ДПМНЕ поднесе 5 приговора, ДПА поднесе 3 приговора, ДПТМ поднесе 2 приговора, ДУИ поднесе 1 приговор, Народно движење за Македонија поднесе 1 приговор, Национална демократска преродба поднесе 1 приговор.

претходно веќе има дадено препорака оваа одредба да биде отстранета бидејќи го поткопува обезбедувањето на ефикасен правен лек.

Врз основа на прифатените приговори, ДИК ги поништи резултатите во три гласачки места во Струмица, поради неправилности констатирани по приговорите поднесени од ВМРО – ДПМНЕ, како и во едно гласачко место во Долнени, врз основа на приговор поднесен од ДПА. Во општина Чаир, ДИК изгласа да се испита изборниот материјал во 13 гласачки места, врз основа на приговори поднесени од ДПА дека наводно резултатите од записникот за гласање на ОИК не се совпаѓаат со оние од записникот за гласање на ИО. ДИК го прифати приговорот и ги измени резултатите во 13 гласачки места што резултираше со втор круг гласање во Чаир.

Управниот суд разгледа 142 жалби, од кои 141 ги одби како неосновани. Една жалба од ВМРО – ДПМНЕ за едно гласачко место во Кичево беше прифатена, меѓутоа не се одржа втор круг на гласање бидејќи тоа немаше да влијае на конечниот резултат. Јавните сослушувања набљудувани од НМИ на ОБСЕ/ОДИХР беа формални и не беа приложени докази од страна на подносителите на приговори.

На 3 април ДКСК најави покренување на прекршочна пријава ex officio против Андреј Жерновски, кандидат од опозицијата во општина Центар, поради наводни неправилности во финансиските извештаи за време на неговиот мандат како пратеник во Собранието помеѓу 2002 и 2011 година. Г. Жерновски тврдеше дека времето избрано за оваа најава е политички мотивирано.

## Ден на избори

Како и во првиот круг, гласањето во најголем број на гласачки места посетени од страна на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР се одвиваше мирно и регуларно и процедурите беа следени во голема мера. Процесот на гласање беше мирен и членовите на ИО на посетените гласачки места ги следеа процедурите и ефикасно управуваа со процесот. Беа забележани случаи на групно гласање. Иако гласањето беше накратко прекинато во неколку гласачки места со цел да се решат одредени технички прашања или приговори, ова немаше негативено влијание на процесот на гласање. Како и во првиот круг, неколку партии укажуваа на појавата на голем број на граѓани од дијаспората кои се враќаа за да гласаат на денот на изборите.

Во посетените гласачки места, броењето на гласови се спроведе на професионален и транспарентен начин при што беа забележани само неколку процедурални проблеми. Процесот на сумирање на резултатите се чинеше добро организиран во неколкуте посетени ОИК. ДИК започна со објавување на изборните резултати вечерта на денот на изборите и ги истакна на својата веб-страна по општина и гласачко место.

Болните и изнемоштени лица, затворениците и внатрешно раселените лица гласаа на 6 април. Како и во првиот круг, тајноста на гласањето за овие лица не

секогаш беше почитувана и беа забележани случаи на затвореници кои не биле на избирачкиот список.

***Англиската верзија на овој извештај е единствениот официјален документ. Обезбеден е и неофицијален превод на македонски и албански јазик.***

## ИНФОРМАЦИИ ЗА МИСИЈАТА И БЛАГОДАРНОСТ

Скопје, 8 април 2013 г. – Набљудувачката мисија за изборите на ОБСЕ/ОДИХР (НМИ) започна со работа во Скопје на 25 февруари со 11 експерти во главниот град и 16 долгорочни набљудувачи распоредени низ земјата.

На денот на изборите во првиот круг беа распоредени 215 краткорочни набљудувачи, вклучувајќи 15 члена делегација на Конгресот на локални и регионални власти при Советот на Европа. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР во намален капацитет остана во земјата за да го набљудува вториот круг на 7 април. На изборите имаше набљудувачи од 30 земји членки на ОБСЕ.

НМИ на ОБСЕ/ОДИХР ја изразува својата благодарност до Министерството за надворешни работи за добиената покана за набљудување на изборите, до Државната изборна комисија за соработката и за издавањето на неопходната документација за акредитација и сите останати државни органи за нивната помош и соработка. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР, исто така, ја изразува својата благодарност до Мисијата на ОБСЕ во Скопје за нејзината соработка и поддршка.

За повеќе информации ве молиме обратете се до:

- Амбасадорот Герт-Хинрих Аренс, Шеф на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР во Скопје (+389 (0)2 3255 200);
- Г. Томас Рајмер, портпарол на ОБСЕ/ОДИХР (+48 609 522 266) или г-а Тамара Отиашвили, Советник за избори при ОБСЕ/ОДИХР во Варшава (+48 22 5200 680).

**Адреса на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР:**
Бул. Илинден 76, 1000 Скопје
Тел.: +389 (0)2 3255 200, факс: +389 (0)2 3255 201, е-пошта: office@odihr.org.mk